Согласно Програмата за Локален Економски Развој за 2018 година, („Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 15/17), Општина Гази Баба објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

За финансиска поддршка за реконструкција на кровови на станбени згради на подрачјето на Општина Гази Баба

1. **Предмет на јавниот повик:**
   - Користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба, со намена за надоместување на трошоците направени при реконструкција на кровови на станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба.
   - Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, Програма за локален економски развој, во износ од 5.500.000,00 денари.
   - Финансиските средства, ќе се користат за целосен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради искористени за реконструкција на кровови на станбените згради, во износ од 100% од вредноста на изведбата, но не повеќе од 800.000,00 денари.

2. **Право на учество на јавниот повик имаат**:
   - Заедниците на сопственици на посебни делови односно управителите на станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба, кои ги исполнуваат условите и ја доставиле потребната документација.

3. **Потребна документација за пријавување:**
   - Образец „Барање за реконструкција на кровови - ЕЕ 2018"
   - Одлука за реконструкција на кров потпишана од мнозинството сопственици на посебни делови на станбената зграда – во прилог и имотни листови на сопственици на станови потписници на одлуката
   - Извод од план
   - Понуда од економски оператор (дополнително се доставува на барање на комисијата)
   - Тековна состојба на заедницата на сопственици или управителот не постара од 2 месеци
   - Копија од жиро сметката на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда
   - Договор за управувачки услуги (доколку работите на управување со станбената зграда се доверени на управител) и
   - Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето (претседателот на заедницата на сопственици на посебни делови односно управителот на станбената зграда) дека нема добиено финансиски средства за реконструкција на кров, лифт или фасада од било кој друг извор во Република Македонија

4. **Критериуми и услови за учество:**
   - Староста на станбената зграда (староста на објектот се определува во зависност од годината кога е завршена изградбата на објектот, односно годината кога објектот добил одобрение за употреба – 40%
   - Моменталната состојба односно степен на оштетеност на кровот – 60%
   - Нема да се разгледуваат барањата за реконструкција на кровoвите на станбените згради за кои со деталниот урбанистички план им е овозможено проширување и надградба на зградата
   - За сите доставени барања ќе се направи теренски увид на состојбата на кровoвите на станбените згради на основа на што ќе се направи ранг листа на 10-те најприоритетни кровови за реконструкција
   - За 10-те најприоритетни кровови на згради ќе се подготват основни проекти за реконструкција на кровови

- Барањето за реконструкција на кровови на станбените згради, заедниците на сопственици и управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку Архивата на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката.
- Секоја заедница на сопственици на посебни делови односно управител на станбена зграда има право да поднесе само едно барање за финансиска поддршка за реконструкција на кров за конкрентната станбена зграда во тековната година.

5. **Комисија :**
   - За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија (од 5 члена).
   - Комисијата е составена од претседател и 4 члена од редот на вработените во администрацијата на Општината.
   - Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и со помош на стручни лица или овластени лица да направи увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација и до Градоначалникот да достави предлог за доделување на финансиските средства.
   - Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на критериумите и доставува предлог до Градоначалникот на Општина Гази Баба за усвојување или неусвојување на барањето за добивање на финансиски средства.
   - Градоначалникот на Општина Гази Баба врз основа на предлогот носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, подносителот писмено се известува за неусвојувањето.
   - Подносителот на барањето е должен во рок од 30 дена од приемот на решението со кое се усвојува барањето, да склучи договор со економскиот оператор и за тоа да ја извести комисијата.
   - Доколку подносителот на барањето **не постапи согласно горенаведеното**, решението ќе се поништи.
   - Општина Гази Баба, финансиските средства ќе ги исплати на жиро сметката приложена во барањето веднаш по завршувањето на реконструкцијата на кровот на конкретната станбена зграда од страна на економскиот оператор.

6. **Рок и начин на доставување на пријавите:**
   - Јавниот повик ќе трае до реализирање на средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба, а најдоцна до **11.05.2018 година.**
   - Огласот и Обрасците „Барање за реконструкција на кровови - ЕЕ 2017“ за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да ги подигнат од архивата или веб страната на Општина Гази Баба www.gazibaba.gov.mk .
   - Пријавата со бараната документација да се достави преку пошта или лично во Архивата на Општината Гази Баба **(од 08:00 до 16:00 часот, од понеделник до петок),** на ул. „Архимедова“, бр.2, 1000 Скопје.

Подетални информации, заинтересираните можат да добијат на телефонскиот број 070/339-376 Дарко Стојковски – инспектор за домување, или на електронската пошта darko.stojkovski@gazibaba.gov.mk

7. **Напомена:**

Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.